БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 365 ставови (1) и (6) од Законот за трговските друштва, а во согласност со членот 20 од Статутот на БИМ а.д. Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 29.05.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за висината на месечната награда и други права на Претседателот на Одбор на директори**

**Чл.1**

На Претседателот на Одборот на директори му се определува месечен паушал во нето износ од 39.000,00 денари, за извршувањето на доверената функција, вклучително и за дополнително доверените работи во областа на развојот, технолошки усовршувања, техничката стручна помош и сл.

**Чл. 2**

Покрај правото од членот 1 на оваа одлука, Претседателот на Одбор на директори има право на надомест на сите други трошоци (патни трошоци за сопствен и јавен превоз во висина определена со закон и/или актите на друштвото), право на премиум осигурување на живот и на друг вид на осигурување, право на годишен здравствен преглед во врвна здравствена установа, како и други права што се поврзани со вршење на неговата функција (користење на работни простории, потребни средства за работа, користење на бизнис картичка, користење службен и мобилен телефон, трошоци за патувања во земјата и странство, патничко осигуривање и др.).

**Чл. 3**

Средствата што се исплатуваат на Претседателот на Одборот на директори врз основа на оваа одлука се трошоци на работењето на друштвото.

**Чл.4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 01.07.2019 година.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе